**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6656/**

# З А П И С Н И К

**Од 200.Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 27.10.2022 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Виолета Димеска-Одделение за планирање и реализација на буџет во МРТ.

**200.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 14.30 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Членот Ристе Панов предложи да се повлечат точките 4 и 5 од дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа и едногласно го усвои предлогот.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 199.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година:
   -програма за работа за 2023 година,
   -финансиски план за 2023 година.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година со пренамена на средства.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 199.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 199.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 199.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 199.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година:**
**-програма за работа за 2023 година,**
**-финансиски план за 2023 година.**
Виолета Димеска од Одделението за планирање и реализација на буџет во МРТ даде вовед во Финансискиот план на МРТ за 2023 година и објасни дека:
За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2023 година со Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:
Приход од Буџетот на Република Северна Македонија
Средствата наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузната дејност, се планираат во износ од 670.500.000 денари или 57.19% од вкупните планирани приходи. Како што и погоре беше кажано, овој износ произлегува и е утврден врз база на досегашното искуство во врска со финансирањето на МРТ т.е. согласно финансиските средства кои МРТ досега ги добиваше од државата иако истиот не кореспондира со член 105 став 1 од Законот за ААВМУ и членот 45 од Важечките преодни одредби во Законот за ААВМУ (Службен весник на РСМ бр.248/18) каде е наведено дека почнувајќи од 2021 година па натаму за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ треба да се издвојат средства во износ од 1% од реализираните вкупни приходи во годината која предходи на фискалната година за која се утврдува износот.
Приход од Буџет на РСМ - средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој
Како приходи добиени за поддршка на тековното работење и постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, исто така од Буџетот на РСМ, во тековната 2023 година планирани се финансиски средства во вкупен износ од 350.000.000 денари кои во вкупно планираниот приход учествуваат со 29.85%. Имено, од причина што за непречено одвивање на сите активности во рамки на тековното работење, средствата за финансирање на радиодифузна дејност се далеку од потребните, во 2023 година ЈРП МРТ планира и очекува да продолжи финансиската поддршка од страна на државата за повисок степен на програмски и техничко технолошки развој во чии рамки би се обезбедиле финансиските средства во вкупен износ од 350.000.000 денари.
Во овој контекст од големо значење е да се напомене дека доколку финансирањето на ЈРП МРТ од страна на државата по овие два основи и понатаму се одвива со пониски износи од планираните, со сигурност ќе биде доведено во прашање тековното работење на куќата, нејзината ликвидност ќе биде нарушена и нема да има можност да се сервисираат тековните обврски, старите долгови кон државните институции (Министерство за финансии, УЈП, АД Аеродроми и други) ниту пак ќе може да се спроведат сите поголеми планирани активности во врска со инвестиции во набавка на нова РА и ТВ опрема и отпочнување со процесот на дигитализација на радиото, реконструкција на дел од работните простории и студија и инвестиции во насока на подобрување работните услови и квалитетот на програмата.

Приходи од продажба на рекламен простор

Очекуваните приходи од продажба на рекламно време (маркетинг) односно од емитување на аудио и аудио визуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот, се планирани во висина од 55.000.000 денари или 4,69% од вкупните планирани приходи за 2023 година. Овие средства се планира да се реализираат од продажба на рекламен простор во рамки на емитување на нови програмски содржини во делот на копродукции, останати програмски права, спортска, филмска, документарна и друга програма која МРТ планира да ја направи достапна за своите гледачи во идната 2023 година преку сопствена продукција, копродукција и преку откуп на правата за емитување на програма од надворешни продуцентски куќи.

Приходи од закупнини

Приходот по основ на давање под наем на деловен простор и опрема на надворешни соработници е планиран во износ од 500.000 денари.

Приходи од услуги во земјата

По основ на дадени технички услуги на надворешни корисници (снимање во студијата на МРТ, обезбедување на коментаторски позиции и ISDN линии за пренос на програма, преснимување и користење на снимен архивски материјал, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите државни и останати институции во кулата како и други услуги во земјата), за 2023 година, планирани се приходи во вкупен износ од 3.000.000 денари и истите во вкупно планираните приходи учествуваат со 0,26%.

Приходи од услуги во странство

Приходите за извршени услуги во странство (технички услуги, отстапени права, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) се планирани во износ од 2.000.000 денари и во вкупно планираните приходи истите учествуваат со 0,17%.

Останати деловни приходи

Останатите деловни приходи се планира да се реализираат по основ на:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- наплатени отпишани побарувања од минати години
- приходи од отпишани обврски
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично

Овие приходи во 2023 година се планираат во износ од 40.000.000 денари и нивното учество во вкупно планираните приходи изнесува 3,41%.

Приходи од наплата по основ на судски одлуки

Приходите кои се планираат со Финансискиот план по основ на решавање на настанатите судски спорови во корист на МРТ изнесуваат вкупно 1.500.000 денари или 0,13% во однос на вкупниот износ на планирани приходи за 2023 година.

Приходи од донации, продажба на програма и услуги

Приходите по основ на продажба на програма и услуги и приходи по основ на донации се планирани во износ од 50.000.000 денари и истите учествуваат со 4,26% во вкупниот планиран приход во МРТ за 2023 година.

Вкупните планирани приходи за 2023 година во износ од 1.172.500.000 денари по сите основи, треба да ги покријат планираните програмски, инвестициони и други активности во тековната година, не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните во државата, како и да се користат за сервисирање на пренесените, неплатени обврски од претходни години.

Планираните активности за 2023 година воглавно ќе бидат насочени кон:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на радио и на телевизиските програмски сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.

- Откуп на права за емитување на играна програма и ТВ серии, набавка на домашна и странска документарна програма, драмска програма, реализација на музички емисии, детска програма од најразлични жанрови, откуп на готови програмски содржини од најразлични области или пак заедничка продукција и копродукција на разни видови емисии и серијали,
- Откуп на права за директен пренос и снимки од значајни спортски настани и манифестации, светски или европски првенства во фудбал, ракомет, зимски, летни спортови и слично,
- Реализирање на програмските содржини на посебните радиопрограми наменети за соседните земји и Европа и радиопрограми наменети за информирање на иселениците во странство, како и обезбедување на програмските сервиси преку сателит и/или интернет,
- Инвестиции во нова опрема и основни средства како и тековно одржување на постојната опрема и одржување на РТВ студијата и другите деловни објекти на МРТ.

Надзорниот одбор на МРТ ја разгледа Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2023 година и Финансискиот план за 2023 година без забелешки и даде согласност на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2023 година.

Претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац по расправата ја стави на гласање Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година составена од Програма за работа за 2023 година и Финанскиски план за 2023 година.
■**Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година составена од Програма за работа за 2023 година и Финанскиски план за 2023 година.** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година **е усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година со пренамена на средства.**
По однос на оваа точка Виолета Димеска од Одделението за планирање и реализација на буџет во МРТ објасни дека во рамки на тековното работење на ЈРП МРТ се јави потреба од изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2022 годинасо пренамена на средства.
Имено, МРТ го има откупено правото за пренос на спортските натпревари во рамки на Лигата на Шампиони во фудбал, но со оглед на фактот што од страна на ЕБУ се направени одредени измени во типот на модулација на прием на сигналот, потребно е да се набават нови декодери со лиценца за прием кои чинат 190.000 денари без ДДВ.
Оттука, изменувањето на Годишниот план за јавни набавки за 2022 годинасе состои од зголемување на планираниот износ кај следната ставка:
Во Дел I -Договориирамковни спогодби за јавни набавкина стокиИнвестициони набавки ставката под реден број 16а-со наслов Набавканаекстерниаудиокартици и планиран/проценет износ од 137.000 денари без ДДВ се преименува во ставка со наслов Надградбана ATEME DR 5000 декодерсо DVB - S2X софтверскилиценци и се дополнува со 53.000 денари без ДДВ односно сега има планиран/проценет износ од 190.000 денари без ДДВ. Споменатите 53.000

денари се средства кои се ослободени од пониско реализирана тендерска постапка кај планираните ставки исто така во рамки на делот за Инвестициони набавкиод овој план.
Оттука произлегува дека износот од 120.496.000 денари без ДДВ кој досега беше вкупна планирана проценета вредност во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година се зголемува за 53.000 денари без ДДВи сегаизнесувавкупно 120.549.000 денари без ДДВ.
Планираните износи кај останатите ставки во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година остануваат непроменети.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Предлог-Годишен план за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година со пренамена на средства и дава согласност на истиот.

По расправата Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година,со пренамена на средства беше ставен на гласање.
■**Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година, со пренамена на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година со пренамена на средства е **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

______________________________

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател